# ПСМ БИЛТЕН

фондација ПСМ YES FOUNDATION

*- креираме иднина за младите во Македонија*

**Декември 2007**

**Број 7**

**Наслови:**

- Среќна Нова година и Божиќни празници!!!
- Презентација на Институтот за информатика и ФЕИТ
- Инфоком
- Нови станари: Презент и Глобал Нет
- Презентација во Стопанска комора на Македонија


Адреса:
**ПСМ Фондација**
**Архимедова 6б**
**1000 Скопје**

Контакт:
**Тел: +389(0)2 3103 660**
**Факс: +389(0)2 3103 670**
**Веб страна:**
**www.yesincubator.org.mk**


## Среќна Нова година и Божиќни празници!!!

Ви посакуваме Среќна Нова година и Божиќни празници. Новата година нека ви донесе исполнување на соништата, нови цели за постигнување и многу нови радости. Во духот на Новата година и Божиќ, ви ги праќаме последните случувања за 2007ма година од Скопје и ПСМ Инкубаторот .

Декември, последниот месец од годината беше прилично гужва во ПСМ Инкубаторот. Двајца нови станари, Презент и Глобал Нет, се вселија во Инкубаторот и многу презентации на Институтот за информатика и ФЕИТ, во УСАИД и МАСИТ.

И покрај тоа, на 25ти Декември, ги собравме нашите партнери, донори и нашите станари да го прославиме успешното работење на Инкубаторот, крајот на 2007ма година и доаѓањето на 2008ма со желба за уште поуспешна Нова година со многу млади претприемачи кои ќе го одберат ПСМ Инкубаторот за да ги реализзираат нивните бизнис идеи и желби.

*Искрено,*

*ПСМ Фондација*



## Презентација на Институот за информатика и ФЕИТ



На 17ти и 19ти декември ПСМ Инкубаторот и Центарот за подршка на нови бизниси (www.bsc.ukim.edu.mk) имаа презентација и штандови во холот на Факултетот за електро и информациони технологии (www.feit.ukim.edu.mk) и на Институтот за информатика (www.ii.edu.mk). Студентите беа информирани за активностите на овие два центри за поддршка на претприемништвото, како и придобивките кои би ги имале кога би започнале сопствен бизнис. Резултатите беа повеќе од одлични и многу студенти беа заинтересирани за овие две организации, за процесот на аплицирање и користење на нивните услуги. Слични презентации и промотивни настани ќе бидат одржани и во иднина на факултетите од областа на ИКТ и Бизнис администрација.

## Инфоком



Почнувајќи од 28ми до 30ти Ноември беше одржан саемот Инфоком, на кои беа промовирани ИТ фирмите и финансискиот сектор на Македонија. ПСМ Инкубаторот, со неговите станари имаа штанд на кои се презентираше Инкубаторот и неговите услуги, како и новите ИТ компании на ИТ и финансиската бизнис заедница во земјата.

## Нови станари во Инкубаторот: Презент и Глобал Нет

### Презент



Горан Димитровски и Живко Костоски

ПРЕЗЕНТ КОМ МК испорачуваат решенија кои директно водат до зголемување на приходите и намалување на трошоците. За прв пат компанијата ПРЕЗЕНТ КОМ МК нуди целосни услуги за подобрување на бизнис перформансите на компаниите преку комплетни решенија за „електронска канцеларија" за мали и средни претпријатија, хостирање и веб дизајн и ИТ консултанство.

### Глобал Нет



Ненад Фидановски

Компанијата Глобал Нет е основана од страна на Ненад Фидановски која што нуди ИТ решенија за мали и средни претпријатија вклучувајќи: веб дизајн и хостирање, специјализиран софтвер за фактури, менувачници, туристички агенции и шпедиции. Исто така, копанијата нуди услуги за ефтини интернационални разговори како што се VOIP and Skype телефонија.

## Презентација во Стопанската комора во Македонија

На 26ти Декември, Стопанската комора на Македонија, Британската амбасада и Агенцијата за поддршка на претприемништвото ја организираа конференцијата „Важноста на ИКТ во подобрување на конкурентноста на малите и средните претпријатија ". ПСМ Фондацијата зема учество на оваа конференција како гостин презентер и ја презентираше важноста на ПСМ Инкубаторот во подобрување на бизнис вештините на компаниите во Македонија и зацврстувањето на конкурентноста помеѓу нив, преку овозможување на помош и поддршка во нивниот развој.


SINTEF

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA / ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Поддржано од Владата на Норвешка, во соработка со Владата на Република Македонија.